## Наставна програма: Слободен изборен предмет : МОРАЛ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ за VI I одделение ООУ " Киро Глигоров „ Скопје

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДМЕТОТ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет :** | **МОРАЛ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ** (се обработува полугодишно) |
| **Вид/категорија на наставен предмет:** | Изборен предмет за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците |
| **Одделение:** | VII ( седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма:** | број на часови:<br>• Значење на моралот 9<br>• Морални вредности 9<br>• Морални личности 9<br>• Примена на моралните вредности 9 |
| **Број на часови:** | **36/ 2 часа неделно** |
| **Изготвил/адаптирал/преземено од:** | Изготвил/ автор на програмата: Горица Бошкоска – предметен наставник,ООУ„Киро Глигоров„ Центар, Скопје |
| **Опрема и средства:** | • Компјутер, ЦД плеер, ЛЦД проектор, , хартија А4, хамер хартија,боици,фломастери,лепило<br>• Учебник за VII одделение-„Етика „: редовен предмет, Кирил Темков-Скопје, издавач: Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010<br>• Прирачник за образование за животни вештини (VII до IX одделение – основно училиште) – издавач Биро за развој на образование 2009 г.<br>• Прирачник – " Мултикултурни работилници за основни училишта " UNICEF<br>• Прирачник„101 игра,лесни, интересни и забавни игри за сите „Нансен Дијалог Центар<br>• Прирачник "Игри за поддршка на заедничките активности со групи ученици со мешан етнички/јазичен состав " USAID |

**Наставната програма вклучува неколку релевантни компетенции од подрачјето Јазична писменост ,Дигитална писменост, Општество и демократска култура, Уметничко изразување и култура и Технологија и претприемништво од Националните стандарди.**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| **I-A.1** | *да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови воразлични комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели,* |
| **I-A.2** | *да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни(песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама идр.),* |
| **I-A.3** | *да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите* |
| **I-A.8** | *да разбира содржини на аудио пораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже(писмено и усно) со свои зборови,* |
| **I-A.9** | *да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писменои усно) со свои зборови,* |
| **I-A.10** | *да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднуваи резимира визуелно прикажаните содржини и* |
| **I-A.11** | *да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела,* |
| **I-A.12** | *да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапувакон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на* |
| **IV-A.5** | *да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот* |
| **IV-Б.7** | *неумереното и во несоодветна положба (неергономски) користење на дигиталните технологии може негативно да влијае на здравјето, личниот и социјалниот живот, а несоодветното складирање на дигиталниот отпад неповолно влијае врз животната средина.* |
| **V-A.1** | *да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности исексуално однесување),* |

| | |
|---|---|
| **V-A.2** | *да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба,* |
| **V-A.9** | *да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите,* |
| **V-A.10** | *да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини(како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност,* |
| **V-A.11** | *да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош.* |
| **V-A.14** | *да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин,* |
| **V-A.15** | *да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата ипотребите на другите,* |
| **V-A.18** | *да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите,да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува* |
| **V-A.20** | *критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми,* |
| **V-A.21** | *да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење.* |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| **IV-Б.1** | *дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава,* |
| **IV-Б.6** | *мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи,* |
| **V-Б.1** | *грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје,* |
| **V-Б.4** | *секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина,* |

| | |
|---|---|
| **V-Б.5** | *од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето наконфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени,* |
| **V-Б.7** | *иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни заспроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации,* |
| **V-Б.8** | *интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара даму биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби,* |
| **V-Б.10** | *учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование.* |
| **VI-А.28** | *да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, кул- турен и политички аспект) што се битни за развојот на цивилизацијата, за форми-* |
| **VI-А.29** | *да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светоти атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите што* |
| **VI-А.4** | *да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува* |
| **VI-А.5** | *да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.),* |
| **VI-А.8** | *да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и* |
| **VI-А.9** | *да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции,* |
| **VI-А.10** | *да се заштити себе си и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди,* |
| **VI-А.12** | *критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него,* |
| **VI-А.14** | *да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната исудската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на* |
| **VI-А.15** | *да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и се ангажира за подобрување на состојбите,* |

| | |
|---|---|
| **VI-A.18** | *критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување,* |
| **VI-A.19** | *да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето,* |
| **VI-A.21** | *да го разликува значењето на поимите: нација, народ,етничка заедница, граѓани иindивидуи, на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и* |
| **VI-A.23** | *да ги идентификува географските карактеристики на континентите, регионите и државите во светот и да ги поврзува со нивниот општествен развој,* |
| **VI-A.24** | *да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој,* |
| **VI-A.28** | *да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, кул- турен и политички аспект) што се битни за развојот на цивилизацијата, за форми-* |
| **VI-A.29** | *да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светоти атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент на етичките норми и вредностите што* |
| **VI-A.30** | *критички да размислува за различните перспективи во толкување на историските настани,* |
| **VI-A.31** | *да ги поврзува економските, културните, социјалните и политичките процеси во различни историски периоди,* |
| **VI-A.32** | *критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи.* |
| **VI-A.33** | *да учествува во дискусија за историски прашања врз основа на релевантни извори,* |
| **VI-Б.1** | *не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова иетничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална* |
| **VI-Б.2** | *сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења иставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните* |
| **VI-Б.3** | *човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот,* |
| **VI-Б.4** | *неселективно почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина,* |
| **VI-Б.5** | *еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата,* |

| | |
|---|---|
| **VI-Б.6** | *личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес,* |
| **VI-Б.7** | *секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата иопштеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите* |
| **VI-Б.8** | *секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите што го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите,* |
| **VI-Б.9** | *секоја граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот,* |
| **VI-Б.10** | *познавањето на историјата и географијата овозможуваат подобро разбирање на светот во којшто живееме,* |
| **VI-Б.12** | *нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен дапридонесува за интеркултурна размена и почитувањето на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество,* |
| **VIII-А.1** | *да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување одсите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности,* |
| **VIII-А.2** | *да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности,* |
| **VIII-А.3** | *да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни),* |
| **VIII-А.4** | *да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на другикултури,* |
| **VIII-А.5** | *да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини нанејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и* |
| **VIII-А.6** | *да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивнатаповрзаност и меѓузависност,* |
| **VIII-А.7** | *да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти,* |
| **VIII-А.8** | *да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења,* |
| **VIII-А.9** | *да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот* |
| **VIII-А.10** | *да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадницитена другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното* |

| | |
|---|---|
| **VIII-А.11** | *да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата коишто придонесуваат за негова манифестација,* |
| **VIII-А.12** | *да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури.* |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| **VIII-Б.1** | *уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот,* |
| **VIII-Б.2** | *критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности,* |
| **VIII-Б.3** | *почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет,* |
| **VIII-Б.4** | *културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури,* |
| **VIII-Б.5** | *на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување,* |
| **VIII-Б.6** | *почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите.* |

**Наставна тема 1:  УЛОГАТА НА МОРАЛОТ**

***Знаења/вештини***

- Гоа разбира поимот морал и неговото значење.
- Може да ја опише етиката како наука за моралот.
- Знае за развојот на етичката мисла како основа за сите морални вредности.
- Објаснува за изворите и видовите на моралот.
- Знае за морални норми како и за доброто и злото.
- Ја согледува потребата од моралното однесување во сите сфери од животот на човекот.
- Знае како може преку етички избор и примена на морал да реши секојдневни ситуации и дилеми.

***Ставови/вредности***

• знае дека моралот е темел на секое општество за содржината и начинот на меѓусебните односи помеѓу луѓето,правилно однесување преку нормите  и унапредување на животот.
• смета дека моралните вредности кои се универзални се најдобри човечки особини кои важат во целиот свет
• се залага за почитување на моралните норми преку стекнатите вредности
• има критички позитивен став кон кон личниот и општествениот морал
• разбира, толкува и усвојува, за свои максими во животот, мудри мисли кои носат морални поуки, универзални вредности и се одраз на колективната мудрост.
• истражува за моралот во антиката и дискутира на темата.

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примери за активности* |
|---|---|
| • **Што е морал?**<br>(етика ,добро,зло, морални учители-Аристотел,Свети Климент Охридски)<br>број на часови: 1 | • Учениците се делат на 4 групи и добиваат насоки за активности:<br>Првата група треба да смисли и одглуми ситуација со сцени од добро дело.<br>Втората група треба да смисли и одглуми ситуација со сцена од лошо дело.<br>Третата група треба да напише на лист неколку асоцијации за тоа што значат зборовите морал, етика и Аристотел.<br>.Четвртата група треба да ги напише основните познавања за делото на Свети Климент Охдридски.<br>• Според остварените активности со сцени од добри и лоши дела наставникот ја објаснува спротивноста на доброто и злото и потребата од етиката како наука за моралот која на човекот му го покажува правиот пат.<br>• Дискусијата за таткото на етиката Аристотел се одвива во согласност со одговорите на учениците и објаснување на историските факти за етиката и воопшто за моралот како начин на живот според одредени правила.Учениците ја коментираат мислата на Аристотел: „Доброто е цел на се што постои и на секоја дејност„<br>• Учениците ги претставуваат своите веќе стекнати знаења за Свети Климент Охридски а наставникот им ја објаснува неговата улога како морален учител кој не учи да се надминуваме себеси со добрина преку поуката:„Тргај се од злото и прави добро„ |

| | |
|---|---|
| • **Извори и видови на моралот**<br>(општество,единка,сознанија)<br>(личен морал,општествен-социјален морал)<br>број на часови: 2 | • Учениците се делат на три работни групи и им се дава задача:<br>-да напишат на лист карактеристики и постапки на една позната личност<br>-да напишат особености и вредности на еден народ или заедница<br>-да напишат свое мислење за тоа од каде потекнува моралот<br>• Учениците од секоја група посебно ги читаат одговорите и се создава дискусија со објаснување од наставникот дека во првата група се работи за личен морал, во втората група е општествениот морал.<br>• Учениците се поттикнуваат да размислуваат критички во дискусијата за раѓањето на моралот во општеството,за развивањето на моралот во човекот, и за сознанијата од минатото од сите мудри мислители. |

| | |
|---|---|
| • **Морални норми**<br>(етички правила, соодветно однесување)<br>број на часови: 2 | • Учениците се делат во повеќе групи и предходно добиваат задача да истражат што се смета за морални норми и правила во повеќе различни земји како и во сопствената земја.<br>• Учениците ги презентираат моралните правила од различните земји а наставникот им објаснува за нивната универзалност,за чувството , свеста за правењето разлика помеѓу доброто и злото. Со почитувањето на моралните норми човекот знае дека постапува правилно и тоа е резултат на неговиот избор.<br>• Учениците се охрабруваат и поттикнуваат критички да се изјаснат и за последиците од непочитување на моралните норми во општеството. |
| • **Златно етичко правило**<br>(Конфучиј,мудри мисли)<br>број на часови: 1 | • Учениците проследуваат дигитална презентација за кинескиот етичар Конфучиј и поделени во две групи треба да размислуваат, да ги толкуваат,и објаснуваат своите ставови за познатите мудри мисли: „Не го прави она што не сакаш другите на тебе да ти го прават„ и „Сите луѓе не можат да бидат богати и значајни, но секој може да прави добро„<br>• Учениците од првата група ги набројуваат нештата кои не сакаат да им се прават а учениците од втората група набројуваат добри дела кои можат да ги прават луѓето кои не се богати.<br>*Учениците во дискусија ги коментираат мудрите мисли и по насоки од наставникот ја разбираат важноста на моралот во изборот на единката дали ќе го одбере доброто,корисното и позитивното или не. |
| • **Универзален морал**<br>(етика на здравјето,етика на екологија,етика на информатика)<br>број на часови: 3 | • Учениците проследуваат дигитална презентација за универзалноста на моралот и денешната етика која ја опфаќа :Етиката на здравјето, Етиката на екологијата и Етиката на информатиката. Наставникот им потенцира дека денес за разлика од минатото има нови вредности и норми кои влијаат врз развојот на децата.Поделени во групи им се дава задача да ги извлечат најважните етички начела на денешната етика и секоја група да ги напише на лист.<br>• Учениците од првата група се претставуваат со вредностите на Етиката на здравјето и Биоетиката на Рејчел Карсон, чија цел е да се испитаат моралните цели и однесувања, кои можат деа помогнат да се сочува и да се унапреди животот.<br>• Учениците од втората група се претставуваат со Еколошката етика користејќи го мотото на екологистите„Мисли глобално,дејствувај локално„Основната идеја е да се развие грижа за човековата животна средина и за целата природа.<br>• Учениците од третата група се претставуваат со Етика на информатика, како наука за човечките сознанија која дава етички задачи: учење,размена на знаења правилно користење на новите машини.Тука е вклучена и хакерската етика со која |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 2 МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ**

***Знаења/вештини***

- го разбира развивањето и значењето на универзалните етички вредности.
- знае за основните особености на секоја морална вредност развиена во различни култури,народи,епохи.
- може да препознае карактеристики на чесност,праведност,одговорност и почитување.
- ја разбира разликата помеѓу вредноста вистина и нејзиниот опозит лагата.
- умее да ги опише толеранцијата и соработката како клучен фактор за прифаќање и почитување на различностите.
- идентификува примери на чесност во разни случаи.
- има познавања за праведноста во делата на големите мислители .

***Ставови/вредности***

- прифаќа дека моралните вредности се збир на повеќе добродетели.
- ги почитува разликите помеѓу луѓето и нивните морални вредности.
- се залага за културните и традиционалните вредности како на сопствениот, така и на останатите народи во светот.
- Има критички став кон непочитувањето на моралните вредности.
- Истражува самостојно за универзалните етички вредности.
- смета дека преку делата на големите мислители се усвојуваат морални вредности

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примери за активности* |
| --- | --- |
| • **Одговорност, Почитување, Пристојност**<br><br>Работилница:„Почитување или послушност„ (морална одговорност,самопочит,коректност)<br><br>број на часови: 3 | • На мало ливче хартија секој ученик ја довршува реченицата која почнува на следниов начин: Одговорност е кога... Потоа ги ставаат во една кутија, а наставникот едно по едно ги вади и ги чита, а потоа ги лепи со селотејп на еден лист на кој во средина пишува одговорност. На крај ги сумира одговорите и ги одобрува.<br>• Сите ученици стојат во круг и треба да си кажат поради што се почитуваат едни со други. Почнува еден ученик кој се врти кон ученикот десно од себе и вели: „Почитување за (името на ученикот) затоа што (кажува особина или однесување на ученикот)“. Ученикот на кого му е упатена почитта се заблагодарува и се врти кон ученикот десно од себе и продолжува со истата реченица и сё така во круг додека да дојде до детето што започнало.<br>• Учениците се делат во групи и секоја група добива по една ситуација од работниот лист за<br>• ученици „Почитување, непочитување, послушност“. Потоа треба да ја прочитаат задачата и да продискутираат за понудените начини на реагирање и да одредат кој начин претставува почитување. Потоа по еден ученик од секоја група ја чита ситуацијата и понудените начини на реагирање и кажува кој начин на реагирање групата го смета дека е почитување, кој послушност, а кој непочитување. Следува дискусија. |

| | |
|---|---|
| • **Толеранција**<br>(трпеливост,ненасилство-ахимса, мир)<br>Работилница:„И слични и различни„<br>број на часови: 1 | • Учениците се делат во мали групи по тројца. Секоја група добива по еден примерок од работен лист „По што сме слични, а по што сме различни , со задача заеднички да го пополни на следниот начин: Секој си избира по еден круг за себе и над него го запишува своето име. Секој си замислува список на работи што сака и/или не сака да ги прави (пр: сака да игра фудбал, да јаде торта ... не сака да станува рано, да пишува домашни ...). Низ дискусија со другите во групата, секој ученик треба да открие кои од тие работи се однесуваат само за него (сака и/или не сака да ги прави само тој), кои работи му се заеднички со секого од другите двајца ученици во групата (и двајцата сакаат/не сакаат да ги прават) и кои работи се заеднички за сите тројца ученици во групата (доколку групата работи во тројка). Учениците заеднички избираат кои од тие работи ќе ги запишат во круговите. Пишуваат заеднички работи за сите тројца,за двајца и за секој посебно.<br>• Карактеристиките од секоја група покажуваат и сличности и разлики кои преку прифаќање,ненасилство дури ни во мислите,мир и толеранција создаваат услови за општество со високи морални вредности. |

| | |
|---|---|
| • **Пријателство**<br><br>Работилница:„Линија на пријателството (споделување,љубов, мудрост,)<br>број на часови: 1 | • Учениците се делат во 4–5 групи. Секоја група добива задача да напише на 4–5 листови хартија по една особина на пријателите што им се најважни. Кога ќе бидат готови, се собираат листовите од сите групи, се промешуваат и потоа се редат еден по еден по должина на една линија од селотејп/креда. Ако има особини кои се повторуваат, се ставаат еден до друг. Потоа секој ученик поминува низ линијата од особини на тој начин што кажува: „Мојот пријател треба да биде...“ и селективно стапнува на оние особини што ги смета за многу битни за неговото пријателство. Кога ќе стапне на онаа што ја смета за најбитна, кратко објаснува зошто му е важна токму таа особина за неговото пријателство.<br>• Учениците коментираат за вредностите во пријателството и даваат сопственио примери од ситуации во секојдневниот живот, а наставникот им ја посочува важноста од негување на пријателствата преку моралните вредности. |
| **Соработка и разбирање**<br>(заедништво,помош,успех)<br>број на часови: 2 | • Наставникот ги дели учениците во две поголеми групи со повеќе ученици и една група од три ученика, им дава листови со информации за римскиот етичар и цар Марко Аврелиј. Учениците добиваат насоки за иста задача, за кратко време одредено од наставникот да направат на хамер презентација за моралните вредности претставени во делото на Марко Аврелиј со наслов„ Запознај се себеси„<br>• Групите од ученици ги претставуваат своите презентации и наставникот им поставува прашања: „Дали е подобро да се работи во поголема или во помала група„?<br>„Која група ја заврши презентацијата побрзо и поуспешно„?<br>• Учениците согледуваат преку практични примери дека заедничкото извршување на работата,помошта и поделбата на задачите се извршува полесно и има поголем успех, доколку постои соработка и колегијалност. |
| • **Чесност**<br>**Праведност**<br>**Вистина**<br>(добродетели,)<br>број на часови: 2 | • . Учениците се поделени во неколку групи и секоја група добива текст од различни мислители кои ги обработувале прашањата за чесноста, праведноста и вистината .Кратките текстови се од: Томас Џеферсон, Емануел Кант, Жорж Брак,Мајка Тереза, Ниче, Мартин Лутер Кинг,Томас Ман , како и приказни и поговорки. Учениците треба да размислат и да ги пронајдат моралните вредности во нивните текстови.<br>• Учениците дискутираат и даваат сопствени гледишта за разните видови на чесност вклучувајќи ја и чесноста сам кон себе, ја коментираат праведноста на луѓето во повисока социјална смисла како што се:родителите,наставниците,раководителите,судиите.<br>• Учениците ја коментираат приказната за „Вистината и лагата„ и во одредени делови наоѓаат сличности со народните поговорки кои носат морални поуки. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 3: МОРАЛНИ ЛИЧНОСТИ**

***Знаења/вештини***

- да препознава различни универзални мислители со етички пораки за моралот.
- да научи за мудроста на античките философи.
- да истражува за типичните области на определба на моралот кај моралните личности.
- критички да размислува за животот на луѓето во минатото и денешното современо општество.
- да истражува за начинот на живот и етичките вредности на моралните личности.
- знае да даде сопствено мислење за значењето на мудрите мисли на моралните личности.

***Ставови/вредности***

- Разбира дека целта на дејноста на моралните личности е правење на добри дела и избегнување на злото.
- Го осудува непочитувањето на единствениот морален систем на големите умови.
- Развива позитивен однос кон мудрите мисли кои носат пораки и совети.
- Има критички став кон неправедни ситуации кои ги решава со помош на учењата на познатите мислители.
- Прифаќа дека сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси.

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примери за активности* |
|---|---|
| • **Сократ**<br>**Платон**<br>**Аристотел**<br><br>(антика,философија,мудрост,демократија,држава)<br><br>број на часови: 3 | • Учениците се делат во групи. Секоја група добива задача да прочита текст за животот во антиката и да разгледа фотографи или видео материјали поврзани со Сократ,Платон и Аристотел ) Учениците истражуваат и изготвуваат листа на своите откритија По презентацијата наставникот отвара дискусија на часот. Дискутираат за секојдневниот живот на плоштадите во Атина и за развојот на философската мисла.<br>• Секој ученик треба да напише своја приказна за еден ден во во античко време. Приказната треба да биде долга најмалку 5 параграфи. Пишуваат како да раскажуваат за сопствениот живот вонекој антички град, град-држава во текот на еден ден. Тие можат да живеат или во Атина или во и друг град ,можат да бидат граѓанин, трговец, роб или посетител. Учениците можат да работат сами или во мали групи. Доколку се работи во групи, секој ученик мора да ја предаде својата индивидуална работа, а потоа приказните на учениците мора да се спојат и да се испреплетуваат. Кога работат учениците се охрабруваат од страна на наставникот.<br>Наставникот им ја објаснува важноста на философската мисла и на демократијата во една држава.<br><br>• Драматизација на големите антички мислители или замислено интервју со Сократ, Платон или Аристотел во врска со моралните вредности во нивните дела. |
| **Мартин Лутер Кинг**<br>**Мајка Тереза**<br>**Алберт Швајцер**<br>Работилница:„Нобелова награда„<br>( моралност,хуманост,човечност,мир) број на часови: 3 | • Наставникот на табла запишува „Нобелова награда„ и бара сите ученици на мало ливче хартија да напишат по неколку работи на што ги асоцира напишаното. Потоа учениците се делат во пет групи и секоја добива по една картичка исечена од работниот лист за ученици „Краток текст со информации за Нобеловата награда“. Секоја група треба да го прочита својот текст и да поразговара за него, да го дополни со информации со кои располага, а потоа по еден претставник од секоја група треба да го презентира својот текст дополнет со нивните знаења и информации пред останатите. По завршувањето на презентациите, наставникот накусо ремизира и ги поврзува презентациите во заедничка целина.<br>• Групите од ученици гледаат кратко видео за Мартин Лутер Кинг,Мајка Тереза и Алберт Швајцер и секоја група на лист ги запишува моралните вредности кои биле причина за добивање на Нобелова на града за мир, ги читаат и ги коментираат.<br>• Учениците во истите групи добиваат по еден примерок од работниот лист за ученици „Добитници на Нобелова награда“ и треба да ги поврзат останатите добитници со достигнувањата. |

| | |
|---|---|
| **Махатма Ганди**<br>**Џон Кенеди**<br>**Мустафа Кемал Ататурк**<br>(вистинољубивост-душа,патриотизам)<br>број на часови: 3 | • По претходно гледано видео за делото на Махатма Ганди, Џон Кенеди и Ататурк учениците се делат на 3 работни групи и во Т-табела пишуваат по што се слични и што е она што ги спојува овие личности а по што се различни? По направената Т-табела и нејзина презентација од секоја група се дискутира на тема: вистинољубивост,праведност и патриотизам како врвни квалитети и вредности на моралните личности.<br>• Секоја група изработува листа на мудри мисли од Ганди,Кенеди и Ататурк , ги читаат и дискутираат за истите.<br>• Учениците од трите работни групи според фактите од видеото пишуваат есеј.<br>-Првата група пишува есеј за причините за добивањето на прекарот „Махатма„<br>-Втората група пишува есеј за причините за добивањето на прекарот „Ататурк„<br>-Третата група пишува есеј за делата на Џон Кенеди.<br>Учениците ги читаат есеите и се создава дискусија за истите во која е нагласено залагањето и борбата на овие три морални личности за својот народ и држава . |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Наставна тема 4 ПРИМЕНА НА МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ**

***Знаења/вештини:***

- Знае дека постојат различни видови на однесувања помеѓу луѓето во сите општества.
- Може да ги идентификува однесувањата на единките во однос на ситуации и места.
- Знае карактеристики на добро однесување во семејството и училиштето.
- Може во одредени примери од секојдневието да препознава вистинско другарство и хумано однесување кон лица со посебни потреби.
- Го знае бонтонот и начинот на точните правила на однесување,обраќање,облекување и зборување во разни прилики, кон соодветни места и луѓе.

***Ставови/вредности:***

- Прифаќа дека применувањето на различни морални вредности е позитивна придобивка за целата заедница.
- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување .
- Се залага за зачувување на културните и традиционални вредности на сите народи во светот подеднакво.
- Има критички позитивен став кон непишаните етички правила при примена на моралните вредности.
- Разбира дека преку љубезноста , пристојноста и умереноста човекот цели кон правиот пат.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| **Содржина**: **Семејство (**љубов,доверба,поддршка,должности**)**<br><br>број на часови: 1 | • Секој ученик добива ливче на кое пишува „Семејство е....„ на кое треба да допише што значи семејство и го става во кутија без да се потпише.Наставниот ги чита одговорите на глас .<br>• Дискусија во однос на напишаните одговори од учениците кои ги опишуваат како :заедница,позитивни чувства на припадност,љубов, поддршка,сојуз .<br>• Учениците се поделени во две групи од кои едната пишува за правила на однесување во семејството помеѓу сите членови, а втората група пишува за должноси и одговорности на родителите и децата.<br>• Групите ги читаат правилата ,должностите и одговорностите на членовите од семејството и се создава дискусија со можност за споделување на лични доживувања во рамките на семејството. |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: **Училиште**<br>**(**образование,правила,кодекси,акции)<br><br>Работилница: „Моето училиште е мое„<br>број на часови: 1 | • Учениците се поделени во пет групи и имаат посебни задачи.<br>Првата група има задача да напише најмалку пет морални вредности кои децата ги стекнуваат на училиште.<br>Втората група има задача да напише десет правила на однесување во училиштето.<br>Третата група има задача да даде неколку примери за разубавување на училницата.<br>Четвртата група има задача да даде неколку примери за разубавување на училишниот двор.<br>Петтата група има задача во Т- табела да ги напише разликите помеѓу училиштата во минатото и во денешно време.<br>• Учениците во групите ги читаат своите размислувања и идеи и наставникот ги насочува кон дискусија за потребата од образование и училиште како една од најкорисните дејности што ги измислило човештвото. |
| Содржина**: Јавност**<br>**(**лично и јавно однесување, двојни суштества)<br><br>број на часови: 1 | • Учениците се делат во 2 групи и на секоја група добива фотографии.Едната група добива фотографии кои прикажуваат пристојни ситуации во јавноста, а другата група добива фотографии кои прикажуваат непристојни ситуации во јавноста. Учениците од првата група треба да ги запишат на лист позитивните чувства предизвикани од пристојниоте ситуации на фотографијата(прегрнување,љубов,поздравување,помагање на беспомошни лица,читање книга на клупа во паркот......)Учениците од втората група треба да ги запишат на лист негативните чувства предизвикани од непристојните ситуации на фотографијата (лутина,бес,плукање,фрлање ѓубре на улица......)<br>• Учениците ги читаат и коментираат различните однесувања на луѓето во јавност и наставникот ги насочува кон дискусија зошто јавноста мора да се почитува и она што се прави пред очите на останатите подлежи на суд кој го одредува општествениот морал на една заедница. |

| | |
|---|---|
| Содржина: **Другарство**<br><br>**(**еднаквост,споделување,позитивни карактеристики**)**<br><br>Работилница **„**Моите другари„<br><br>број на часови : 1 | Секој ученик треба да ги напише имињата на своите другари на еден лист хартија. Потоа треба да одбере еден што смета дека му е најдобар другар во моментот и да го нацрта како карикатура и да напише една реченица со која ќе го опише.<br>• Учениците се делат во парови и еден на друг треба да си ги презентираат најдобрите другари. Откако ќе завршат, наставникот бара по пат на бура на идеи да се генерираат карактеристики на добар другар и ги запишува на табла. Потоа учениците се делат во групи по четворица и секоја група треба да замисли и подготви ситуација во која ќе се манифестира една особина на добар другар и таа особина треба да ја одглумат пред другите без да зборуваат. Задача на останатите е да погодат за која особина.<br>• Учениците се насочуваат кон дискусија за другарството како еднаков и чесен однос и начин како да се стане подобра личност. |
| Содржина**: Хендикепираност**<br><br>Работилница:„Посебни потреби„ (помош,емпатија,поддршка)<br><br>Број на часови: 1 | • Учениците се делат во 6 групи и секоја група го добива работниот лист „Лица со посебни потреби“. Во рамки на секоја група, учениците заеднички треба да размислат и да наведат 2–3 тешкотии со кои се соочува лицето од првата слика. Кога ќе бидат готови, групите и го подаваат својот работен лист на групата што се наоѓа од нивната десна страна. На новиот работен лист ќе треба да се наведе на кој начин тие можат да му помогнат на лицето со посебни потреби во однос на напишаните тешкотии од претходната група. Кога ќе бидат готови, повторно работните листови се подаваат на групата од десната страна. Сега учениците имаат две задачи, прво да прочитаат за тешкотиите и начините на кои може да му се помогне на лицето од првата слика, а потоа, за вториот случај треба да се наведат 2–3 тешкотии со кои се среќава лицето од втората слика. Кога ќе бидат готови, листот се пренесува на другата група на истиот начин како и претходно. На новиот лист секоја група треба да смисли и да напише на кој начин можат да му помогнат на лицето од втората слика во врска со тешкотиите наведени од учениците од претходната група. Освен тоа, заеднички се разгледува и примерот од првата слика (и тешкотиите и помошта што може да им се даде). Кога ќе бидат готови, листот се подава на групата од десната страна. Повторно, на новиот лист прво се прочитуваат примерите од првите две слики, а потоа се пишуваат 2–3 тешкотии со кои се соочува лицето од третата слика. Кога ќе бидат готови ѝ го пренесуваат работниот лист на другата група на истиот начин како и претходно. |

| | |
|---|---|
| | • На новодобиениот лист учениците допишуваат на кој начин можат да му помогнат на лицето од третата слика, а потоа внимателно ги разгледуваат сите три пимери (и тешкотиите и начините на помагање).<br>• Секоја група одбира по еден случај и чита една тешкотија со која се соочуваат лицата со посебни потреби и начинот на кој може да се помогне. |
| Содржина**: Проектни изведбени работилници**<br><br>Работилница: **„Инспиративен постер„**<br><br>број на часови: 1 | Учениците се делат во групи со 5-6 члена. Секоја група добива по еден хамер и маса околу која ќе треба да застанат во круг. Секој ученик добива по еден фломастер. На групите им се задава тема на која ќе цртаат инспиративен постер. Темата на цртањето е корисно да произлезе од актеулните наставни содржини на кои сте фокусирани(на пример **постер од семејство, училиште,јавност**,**другарство,помош за хендикепирани лица,бонтон**) Кога ќе се пушти весела, брза и динамична музичка нумера, учениците ќе треба да започнат со индивидуално цртање (во некој дел од хамерот каде што се застанати). Учениците не треба вербално да се договараат кој што избрал да нацрта. Штом ќе запре музичката нумера, учениците ќе треба да престанат со цртањето и да направат чекор надесно. При повторно пуштање на музиката, секој продолжува со цртањето на оној цртеж каде што е веќе застанат, односно ќе треба да црта таму каде што некој пред него веќе нешто започнал да црта. На секое следно запирање на музиката, учениците прават чекор надесно и продолжуваат со цртање на негов дел од хамерот. Играта ќе заврши во оној момент кога секој ученик повторно ќе се врати на својата прва, стартна позиција и ќе има можност да види и да го доврши својот цртеж. |

| | |
|---|---|
| Содржина: **Мера**<br>(Питагора,Златни етички стихови)<br><br>број на часови: 1 | • Учениците се делат на 4 групи и секоја група добива лист со една строфа од најпрочуената етичка творба за млади, поемата „Златни етички стихови„ на прочуениот философ и математичар Питагора . Задачата на учениците е да ги прочитаат строфите и да ја пронајдат мерата во секоја од нив.<br>• Учениците се насочени од наставникот да ја пронајдат мерата во првата строфа пред почетокот на било каква активност, бидејќи мерата е во размислувањето. Во втората строфа мерата се наоѓа во она што нема на човекот да му создаде мака.Во третата строфа мерата помага при водење на чесен и доблесен живот.Во четвртата строфа учениците ја пронаоѓаат мерата во сопственото преиспитување каде згрешиле и што пропуштиле? Ако направиле зло треба да се прекорат, но ако направиле добро треба да се пофалат. |
| Содржина: **„Проектна изведбена активност „**<br>Работилница „Планирање плакати„<br>(бонтон за млади)<br>број на часови: 1 | Учeнниците се делат во групи по тројца. Секоја група се договара да изглуми пред останатите една нивна омилена реклама. Главна активност 1: Учесниците се делат во групи по четири-пет. Секоја група треба да се договори и да осмисли дизајн (**текстуален и сликовен**) на еден **плакат** со кој би се претставиле .( **Учениците смислуваат сценарио за правилно однесување на младите**)<br>**На оваа работилница плакатот треба да се осмисли** (да се испланира), а **на следната да се реализира** (да се направи). Осмислувањето на плакатот треба да ги опфати следните активности: · смислување на текстот (колку и кои текстуални пораки) · **определување сликовен материјал** и начин на кој ќе се прикаже (преку цртање и боење, и/или правење колажи од хартија во боја, и/или лепење готови слики или исечоци од весници, списанија и сл.) · планирање каде би биле поставени текстовите и сликите на еден лист хамер · определување кој од групата кои материјали ќе треба да ги донесе од дома и кој за што ќе биде одговорен при правење на плакатот. |
| Содржина: **„Проектна Изведбена активност„**<br>Работилница Изработка на плакати<br>( ученички бонтон пораки за добро однесување)<br>број на часови: 1 | • Учениците од истите групи од претходната работилница продолжуваат со изработка на плакатите во завршната фаза<br>Учениците активно ги изработуваат плакатите.По завршувањето, се поставуваат плакатите на претходно избрани места во училиштето.<br>Целата група стои на еден крај од просторијата, а на спротивниот крај е поставено едно столче. Сите учесници, како и реализаторите, треба барем по еднаш да седнат на столчето и со една-две реченици да порачаат нешто на целата група. Тоа треба да биде некаква афирмативна порака, желба или потсетување на некое заедничко доживување од кое може да се извлече позитивна порака. (**На пример пораки за етичко однесување преку напишани правила за бонтон)** |

Забелешка: на часовите од слободниот изборен предмет „Морал и етички вредности„ може да се интегрираат содржини од предметите: Македонски јазик и литература, Историја и општество, Етика, Граѓанско образование, Античка класична култура, Ликовно образование и Музичко образование.

Норматив: слободниот изборен предмет “Морал и етички вредности„ може да го предаваат само дипломирани професори п